ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## Потпишување на одредбите од Спогодбата за паушално надоместување на трошоците за здравствена заштита и двојазичните обрасци на Р.Македонија и Р.Србија

На покана на Фондот за здравствено осигурување на Македонија од 12 до 14 октомври 2011 во Скопје се одржаа разговори меѓу органите за врска на Република Македонија и Република Србија за спроведување на Договорот меѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија за социјално осигурување .

Двете делегации ја разгледаа ,усогласија и **потпиша Спогодбата за паушално надоместување на трошоците за здравствена заштита** која ќе почне да се применува со пресметувањето на паушално надоместување за трошоците. Со потпишувањето на наведената спогодба се менува начинот на пресметување на трошоците за користени здравствени услуги од страна осигурените лица на една држава договорничка. **Со ова се овозможува да и пациентите кои се упатени на лекување во странство се третираат како домашни пациенти и се лекуваат по цени утврдени на државата договорничка**.

Потпишаните договори и новите обрасци РМ/СРБ, ќе се применуваат од **1 јануари 2012 година** и со ова Р.Македонија од осамостојувањето има склучено вкупно 16 нови договори за социјално осигурување покрај другите наследени од СФРЈ.

Сектор за меѓународни договори